**Епизода 8: Медиумска писменост 101: Заклучок и понатамошни чекори**

***Најавна шпица***

**ВОДИТЕЛ:** Добре дојдовте во последната епизода на „Медиумска Писменост 101“ радио-програма чија цел е да ги едуцира и оспособи слушателите како да се движат низ медиумскиот простор на критички и информиран начин.

***Звук 1: Сумирање на клучните поенти од Тренинг Курсот***

**ВОДИТЕЛ:** Во претходните 7 епизоди, опфативме повеќе теми од областа на медиумската писменост: разбирање на важноста на медиумската писменост во денешницата и функционирањето на медиумите, оценување на веродостојноста на вестите и информациите, онлајн заштита од дезинформации, дигитална писменост и онлајн безбедност, медиумска писменост во ерата на социјалните медиуми, медиумска писменост и граѓански ангажман. Ви предложивме и неколку совети и начини како да се движите низ медиумскиот простор на критички и информиран начин.

***Звук 2: Наредни чекори во борбата и справувањето со дезинформациите***

Позитивните стратегии за борба против дезинформациите беа имплементирани во Европа со потпишувањето на „Strengthened Code of Practice on Disinformation“ ( Кодекс за позитивни пракси поврзани со дезинформациите) во 2022, кој е опишан од Европската Комисија на следниот начин:

„Новиот Кодекс соединува разновиден опсег на засегнати страни, притоа давајќи им овластување да придонесат за подобрување на состојбата, преку потпишување на конкретни обврски , релевантни за нивната област. Таквите обврски подразбираат намалување на ширењето на дезинформации; гарантирање на транспарентноста на политичкото рекламирање; унапредување на соработката со проверувачи на факти; и олеснување на пристапот на истражувачите до податоците.“

***Мотивација за континуирано учење и медиумско описменување***

**ВОДИТЕЛ:** Иако сето ова звучи примамливо, ние како поединци сепак мораме да преземеме одговорност за нашите сопствени онлајн активности и интеракции.

Медиумската писменост е тековен процес кој постојано се менува , не е процес кој е даден еднаш-засекогаш. Важно е да продолжите со учење и да се информирате, како и да развивате критичко размислување. Ве охрабруваме да го примените вашето стекнато знаење во текот на овој тренинг курс и истото да го примените во вашиот секојдневен живот. Запомнете - секогаш проверувајте ја информацијата, бидете критички настроени кон сите извори и разгледувајте различни перспективи.

***Звук 3: Извори за понатамошно учење и информирање***

**ВОДИТЕЛ:** Постојат повеќе линкови и корисни ресурси кои ви се достапни за понатамошно учење и едукација на темата медиумска писменост:

- Веб-страници со кои можете да ја проверите вистинитоста на фактите,  како што се Snopes, Factcheck.org, и PolitiFact
- Организации за медиумска писменост како што се  „Center for Media Literacy“, „The Poynter Institute“, „The Media Literacy Project“ и многу други линкови кои можете да ги пронајдете на нашата веб страна.
- Корисни и едукативни линкови за медиумска писменост како што се  “MediaSmarts“, “Mediawise“ и the “News Literacy Project“.

***Звук 4: Гостин говорник***

**ВОДИТЕЛ:** Со нас е претставникот ......... од „Медиумска Писменост Ирска“ (или слично), кој/а подетално ќе ви објасни за неговата/нејзината организација и како истата може да ви биде од помош.

**ВОДИТЕЛ:** Се надеваме дека претходните епизоди ви беа корисни и поучни. Ви благодариме што ја слушавте нашата радио-емисија „Медиумска писменост 101."

***Одјавна шпица***

**ВОДИТЕЛ:**  Секогаш останете информирани, љубоптини и медиумски писмени.

***Завршна музика***

*https://digital-strategy.ec.europa.eu/en/library/2022-strengthened-code-practice-disinformation